РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# С Т Р А Т Е Г И Ј А
# ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2012 – 2016

## со Акциски план за нејзино спроведување

Дирекција за заштита на личните податоци

The project is implemented by:

**“This publication has been produced with the assistance of the European Union. The contents of this publication are sole responsibility of the Directorate for Personal Data Protection and can in no way be taken to reflect the views of the European Union.”**

**“Оваа публикација е изготвена со помош на Европска унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Дирекцијата за заштита на личните податоци и на никаков начин не ги рефлектира гледиштата на Европската унија .”**

**“Ky publikim është përgaditur me ndihmën e Unionit Evropian. Përmbajtja e këtij publikimi është përgjegjësi vetëm e Drejtoria për Mbrojtjen e të Dhënave Personale dhe në asnjë mënyrë nuk reflekton opinionin e Unionit Evropian.”**

Дирекција за заштита на личните податоци

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# С Т Р А Т Е Г И Ј А
# ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2012 – 2016

## со Акциски план за нејзино спроведување

За издавачот:
Димитар Ѓеорѓиевски
Издавач:
Дирекција за заштита на личните податоци
Печат и дизајн:
ГиД Продукција
Печатењето на публикацијата финансиски е подржано од:
Проектот „Поддршка во изработка на нацрт стратешки документи и акциски планови, вклучувајќи анкета за свеста на медиумските работници за подобра имплементација на правото на заштита на личните податоци“ финансирано од Европската Унија

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

342.738.071.1(497.7)"2012/2016"

СТРАТЕГИЈА за заштита на личните податоци во Република Македонија со Акциски план за нејзино спроведување : 2012-2016. - Скопје : Дирекција за заштита на личните податоци, 2011. - 54, 52 стр. : табели ; 19 см

Насл. стр. на припечатениот текст: Strategy for personal data protection in Republic of Macedonia followed by an Action plan : 2012-2016. - Обата текста меѓусебно печатени во спротивни насоки. - Текст на мак. и англ. јазик. - Фусноти кон текстот

# Содржина


ПРЕДГОВОР 5

1.ВОВЕД 6
1.1. ЦЕЛИ НА НОСЕЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА 9
1.2. ПРИДОБИВКИ НА СТРАТЕГИЈАТА 9
1.3. СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ 9

2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ 11
2.1 ПРАВНА РАМКА 11
2.2 ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ 13
2.3 SWOT-АНАЛИЗА 16

3. ПРОЕКТИ (реализирани и во тек) 20
3.1. ПРОГРАМА CARDS – 2004 - ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА ВО ОСНОВАЊЕТО НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРИНЦИПИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ (2007-2008) 20
3.2. ИПА 2008, КОМПОНЕНТА 1, ПРОЕКТ ПОДДРШКА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ, 20
3.3. ИПА 2008,КОМПОНЕНТА 1, ПРОЕКТ ПОДДРШКА ВО ИЗРАБОТКАТА НА ПРЕДЛОГ СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ 20
3.4. ПРОЕКТ - ПРИСТАП ДО СУДСКИТЕ ОДЛУКИ И ПРАВОТО НА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ 20

4. ВИЗИЈА И МИСИЈА 21

5. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ 22
5.1. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЕФИКАСЕН СИСТЕМ НА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ 23
5.2. КОНТИНУИРАНА ХАРМОНИЗАЦИЈА НА ЛЕГИСЛАТИВАТА ЗА ЗАШТИТАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ 27

СОДРЖИНА

5.3. ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ И ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА ВО ЕВИДЕНТИРАЊЕТО НА ЗБИРКИТЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ 29
5.4. НАТАМОШНО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА НИВОТО НА ЈАВНАТА СВЕСТ ЗА ПРАВОТО НА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ 30
5.5. ОПТИМАЛИЗАЦИЈА НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИОТ КАПАЦИТЕТ 32
5.6. ЗГОЛЕМЕНО УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА 33
5.7. СОРАБОТКА СО КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР, НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ, ЦИВИЛНИОТ СЕКТОР И СО ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА И ДРУГИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ 34

6. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА 35

7. АКЦИСКИ ПЛАН 36

**ПРЕДГОВОР**

Секој има право на приватност, односно приватноста е само моја, е мотото на Дирекцијата за заштита на личните податоци. Заштитата на личните податоци е дел од нашето секојдневие и основа за функционирање на едно модерно и демократско општество втемелено врз уставните гаранции за почитување на основните човекови права. Гарантирањето на приватноста подразбира систем на организационо-технички мерки кај сите контролори, односно обработувачи на личните податоци, но и доволна висока јавна свест во целокупното општество, како неминовен услов за реакција во случај на повреда на правото на приватност и евалуација на постигнатите резултати.

Токму поради овие причини, Дирекцијата за заштита на личните податоци како единствена надлежна институција во нашата земја за заштита на лични податоци одлучи да примени нови механизми на работа, да воведе нови методи и начела во имплементацијата на прописите преку комбинација на законски и институционални но пред се превентивни мерки и односи на партнерство со контролорите од јавниот и приватниот сектор за доследна примена на европските начела и принципи во полето на заштитата на личните податоци во нашата земја.

Создавањето на ефективен, ефикасен и во исто време одржлив систем е нашата визија но и предизвиците кои ги преточивме во оваа Стратегија за заштита на личните податоци во Република Македонија 2012 – 2016. Убеден сум дека само со стратешкиот пристап и понудените системски решенија, разработени и дефинирани со рокови преку Акциски план ќе успееме да создадеме уште поцврст концепт за заштита на личните податоци во Република Македонија.

## 1. ВОВЕД

Заштитата на личните податоци е уставна категорија, дефинирана во главата на основни човекови права. Ова право е гарантирано со меѓународните документи на Обединетите Нации во  Универзалната Декларација за човековите права,  Конвенцијата за заштита на човековите права на Советот на Европа (член 8), Конвенцијата за заштита на физичките лица во поглед на автоматската обработка на личните податоци на Советот на Европа и Дополнителниот протокол кон истата Конвенција  и Директивата 95/46 на Европскиот парламент и на Советот, за заштита на поединците во однос на автоматската обработка на личните податоци и на слободниот проток на таквите податоци.

Заштитата на личните податоци во Република Макеоднија е  гарантирана со Уставот на РМ , член 18,  "Се гарантираат сигурноста и тајноста на личните податоци. На граѓаните им се гарантира заштита од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето на информации за нив преку обработка на податоците."

Следејќи ги потребите од демократизација на односите и операционализација на дадените гаранции со Уставот, потоа имплементација на Конвенцијата за заштита на физичките лица во поглед на автоматската обработка на личните податоци на Советот на Европа, Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за заштита на физичките лица во поглед на автоматската обработка на личните податоци, во врска со надзорните тела и прекуграничниот пренос на податоци и транспонирањето на Директивата 95/46 на Европскиот парламент и на Советот, за заштита на поединците во однос на автоматската обработка на личните податоци и на слободниот проток на таквите податоци во националното законодавство во 2005 година е донесен и  Законот за заштита на личните податоци ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2005) и со закон е ратификувана наведената Конвенција на Советот на Европа. Во функција на доусогласување на законот со ЕУ регулативите и користење на добрите практики на земјите членки на ЕУ Законот за заштита на личните податоци  е  менуван и дополнуван ("Службен весник на Република Македонија" број 103/08,124/10 и 135/2011 /2011).

Согласно Законот за заштита на личните податоци од 2005 година, основана е Дирекција за заштита на личните податоци, која е надлежна за вршење надзор над законитоста на преземените активности при обработување на личните податоци и нивната заштита, на територијата на Република Македонија. Дирекцијата е основана на 22 јуни 2005

година, кога е именуван првиот директор со Одлука на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.50/05). Дирекцијата е самостоен и независен орган со својство на правно лице. Мандатот на директорот е 5 години што е различен од мандатот на пратениците и е ограничен на максимум два мандата едно по друго а изборот се врши на јавен конкурс што обезбедува независност во однос на органите на извршната, законодавната и судската власт, како и во однос на органите на локалната власт или економските лоби групи.

Дирекцијата е основана за да врши надзор над законитоста на обработката на личните податоци, но и да предупредува на опасностите од преобемното собирање на личните податоци од една страна и препорачува користење помалку инвазивни методи при обработката со кои нема да се нарушува приватноста на граѓаните, и крајно да ја инспектира и санкционира преобемната и нелегална обработка на личните податоци.

Преку воспоставувањето на правната и институционална рамка за заштита на личните податоци во Република Македонија се овозможи имплементација на уште една вредност на Европската Унија, заштита на приватноста како неприкосновено право на граѓаните кое се повеќе добива на значење, особено ако се земе предвид секојдневното галопирачко напредување на развојот на техниката, потребата за зголемената комуникација на светско ниво поврзано со економскиот развој и безграничниот проток на информации.

Имено, имајќи ги предвид развојот на новите технологии и комуникациски системи, на информациските системи и неограничен број на бази на податоци за различни потреби, високиот степен на развој на социјалните мрежи, интернетот и други форми на комуникации, се создоа можности за лесен пристап до личните податоци, што се повеќе води кон зголемување на можностите за повреда на правото на заштита на личните податоци и загрозување на правото на приватност. Оваа состојба на глобално ниво неминовно се рефлектира и во нашата земја. Токму затоа, се јави потреба од обезбедување на стратешки пристап кон оваа област со цел обезбедување на постојано надградување на нормативни и други предуслови за превенирање и спречување на кршењето на ова право, преку изработка на генерален повеќегодишен документ со акциски план, кој дополнително ке се разработува преку годишни програми и оперативни планови. Натамошната хармонизација на домашното право со легислативата на Европската Унија во сферата на заштита на приватноста и користење на позитивните практики на другите земји, тековно

следење и примена на меѓународните стандарди во областа на заштита на личните податоци е во функција на натамошно зајакнување на гаранциите за заштитата на личните податоци.

Стратегијата за заштита на личните податоци за периодот 2012-2016 година е подготвена со поддршка на ЕУ претпристапната помош, ИПА програмата 2008, Компонента 1, проектот Поддршка на Дирекцијата за заштита на личните податоци. Воедно таа претставува реализација на плановите за развој на заштитата на личните податоци предвидено во Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА). Со Стратегијата за заштита на личните податоци во Република Македонија се определуваат правците на иден развој. Утврдени се приоритети за реализација преку поставување на конкретни цели, со цел подобрена заштита на личните податоци, зголемена свест за потребата од заштита на личните податоци, имплементација на Законот за заштита на личните податоци од страна на контролорите и обработувачите и институционална поставеност на Дирекцијата за заштита на личните податоци која го гарантира правото на приватност.

### 1.1. Цели на носење на Стратегијата

Стратегијата за развој на заштитата на личните податоци се носи за да се потенцира определбата за стратешки пристап во јакнење на заштитата на личните податоци, преку јакнење на свеста за потребата од заштита на правото на приватност кај граѓаните, контролорите и обработувачите на личните податоци, како и утврдување на институционалната заштита на личните податоци преку Дирекцијата за заштита на лични податоци. Оваа Стратегија треба да одговори на прашањата кои се нашите приоритети, да не доведе до резултатите кои сакаме да ги постигнеме и да ни помогне да го одредиме најдобриот пристап кон остварувањето на нашите заложби.

### 1.2. Придобивки на Стратегијата

Преку имплементација на предвидените цели од Стратегијата, во Република Македонија ќе се обезбеди рамка за континуирано целосно транспонирање на ЕУ легислативата за заштитата на личните податоци во националното законодавство, зголемена јавна свест за заштита на личните податоци, подобар ефикасен систем за надзор над законитоста на обработката на личните податоци, сигурен и брз пристап до податоците од регистарот на збирки со личните податоци, континуирана обука за контролорите и обработувачите на лични податоци, зголемен институционален капацитет на Дирекцијата за заштита на личните податоци.

### 1.3. Следење и известување

Стратегијата за заштита на личните податоци е документ кој има за цел да обезбеди континуирано почитување и гаранција на правото на заштита на личните податоци на сите граѓани на Република Македонија. Повикувајќи се на мерките и активностите предвидени во него, користејќи ги механизмите и методите на превенција и реакција на евентуалните повреди на законот, се очекува во неговата имплементација да се вклучат поединците чие право е засегнато, но и субјектите кои во своето делување се доведуваат во позиција на потенцијални прекршители на правото на приватност. Затоа е предвидена одговорност на сите инволвирани страни како генерална превенција бидејќи заштитата на личните податоци не засега сите.

Сепак, носител на обврската за следење на имплементацијата на оваа Стратегија е Дирекцијата за заштита на личните податоци. Донесена за прв пат во нашата земја пред се како неминовна потреба, Стратегијата ќе биде документ кој постојано ќе се надградува, ревидира и дополнува.

Имено, Дирекцијата за заштита на личните податоци континуирано ќе ја следи и мониторира реализацијата на мерките и активностите од Стратегијата и ќе изготвува извештај за имплементацијата на Стратегијата кој ќе биде составен дел на Годишниот извештај за работа на Дирекцијата за заштита на личните податоци што го доставува до Собранието на Република Македонија. Извештајот заедно со Годишниот извештај за работа на Дирекцијата за заштита на личните податоци ќе се објавува на WEB страницата на Дирекцијата за заштита на личните податоци.

Со цел следење на современите текови и вршење дополнување на документот соодветно на случувањата, по втората година од имплементацијата на Стратегијата, Дирекцијата за заштита на личните податоци ќе направи Ревизија на овој документ. Доколку се констатира потреба, ќе бидат предложени измени и дополнувања, кои по донесувањето ќе бидат составен дел на документот.

## 2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ

### 2.1 Правна рамка

#### 2.1.1. Меѓународни акти

Во 2005 година со закон е ратификувана Конвенцијата на Советот на Европа 108/81 за заштита на поединците во поглед на автоматска обработка на личните податоци и објавена во Службен весник на Република Македонија бр. 07 од 2005 година, а во 2007 година Собранието на Република Македонија го ратификуваше и Дополнителниот протокол на Конвенцијата во врска со надзорните тела и прекуграничниот пренос на податоците. При подготовката на националното законодавство е земено предвид и транспонирањето на правото на ЕУ, односно Директивата на Европскиот парламент и Советот 95/46/ЕК за заштита на лицата во поглед на обработката на личните податоци и слободниот проток на тие податоци како клучен пропис за заштита на личните податоци во ЕУ.

Освен Конвенцијата 108/81 на Советот на Европа, Дополнителниот протокол кон истата кои се составен дел од законската рамка за заштита на личните податоци во Република Македонија и Директивата 95/46/ЕК со која во целост е усогласен Законот за заштита на личните податоци, Дирекцијата ги следи сите останати директиви, препораки, мислења и резолуции донесени од страна на меѓународните експертски групи кои работат во полето на заштитата на личните податоци, а се со цел обезбедување на целосно функционирање на концептот на заштита на приватноста и следење на најновите стандарди во оваа област.

Воедно и со идните очекувани измени и дополнувања на Директивата 95/46/ЕК и Конвенцијата 108/81 на Советот на Европа со кои ќе се изврши дополнително прецизирање во насока на поставување на повисоки стандарди за заштита на личните податоци, а како резултат на брзиот развој на нови технологии од што ќе произлезе унапредување на националните законодавства на земјите членки на Европската унија и земјите кандидати за членство.

### 2.1.2. Национално законодавство

Заштитата на личните податоци во Република Македонија е гарантирана со член 18 од Уставот на РМ. „Се гарантираат сигурноста и тајноста на личните податоци. На граѓаните им се гарантира заштита од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето на информации за нив преку обработка на податоците."

Првиот Закон за заштита на личните податоци со концептот за заштитата на личните податоци во Република Македонија во духот на Конвенцијата на Советот на Европа 108/81 и Директивата 95/46/ЕК е донесен во 2005 година. Препознавајќи ја потребата од обезбедување на институционална надлежност за ова човеково право, со Законот за заштита на личните податоци од 2005 година е основана Дирекцијата за заштита на личните податоци.

По ратификацијата на Дополнителниот протокол на Конвенцијата на Советот на Европа бр. 108/81, во 2008 година донесен е Законот за измени и дополнувања на Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08), со цел зајакнување на надзорната функција на Дирекцијата за заштита на личните податоци и доусогласување на националната регулатива со правото на ЕУ. Во 2010 година направени се втори измени на Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" бр.124/10)[1] со кои се обезбеди:

- Сообразување на законодавството и спроведување на законите, како и приспособување на законите на Република Македонија со правото на Европската Унија;
- Усогласување на Законот за заштита на личните податоци со националното законодавство на Република Македонија и
- Воспоставување на поефикасна заштита на правото на заштита на личните податоци (законодавство, институционална рамка).

[1]Основниот закон со сите измени е достапен на **www.dzlp.mk**

## 2.2 .Имплементација на Законот за заштита на личните податоци

За имплементацијата на одредбите од Законот за заштита на личните податоци надлежна е Дирекцијата за заштита на личните податоци. Имплементацијата се обезбедува преку надзор над законитоста на обработките на личните податоци, давање мислења, превенција, обуки, постојано информирање на засегнатите страни, и преку остварувањето на меѓународната соработка.

Сметајќи дека јавната свест за потребата од заштита на личните податоци во Република Македонија е сеуште на ниско ниво, Дирекцијата за заштита на личните податоци се заложи за потенцирање на превентивната улога со постојано давање на мислења по интерните акти на контролорите, укажувања во случај на неправилност во заштитата на личните податоци. ДЗЛП обезбедува континуирана едукација на контролорите и обработувачите на личните податоци. Обуките кои ги испорачува Дирекцијата за заштита на личните податоци се реализираат врз основа на Годишна програма, која редовно се објавува на интернет страницата на Дирекцијата. Посетителите на обуката се здобиваат со сертификат.

» ***Инспекциски надзор***

Дирекцијата за заштита на личните податоци е надлежна институција за вршење на инспекцискиот надзор над законитоста на обработката на личните податоци. Инспекциските надзори се вршат како редовни на основа на Годишна програма (www.dzlp.mk), вонредни по добиени претставки, како и по службена должност и контролни инспекциски надзори кои се вршат во случаи кога претходно е вршен редовен надзор и се дадени обврски и рокови за отстранување на недостатоци од страна на инспектираниот субјект[2]. Дирекцијата води прекршочна постапка и може да изрекува прекршочни санкции за утврдените прекршоци во Законот за заштита на личните податоци. Против изречените одлуки е обезбедена судска заштита.

» ***Транспарентност***

Запазувајќи го принципот на јавност во работењето, Дирекцијата врши редовно известување на целокупната јавност за случувањата во областа користејќи разни форми (известувања преку пишаните и електронски медиуми и преку веб страницата

www.dzlp.mk). Дирекцијата за заштита на личните податоци е надлежна за водење на регистар на збирки со личните податоци. Податоците за збирките, контролорите/обработувачите и за офицерот за заштита на личните податоци се достапни за јавноста преку порталот www.dzlp.mk/cr. Дирекцијата за заштита на личните податоци до Собранието на Република Македонија редовно доставува Годишен извештај за работењето за претходната година, за негово разгледување и усвојување на пленарна седница.

» ***Меѓународна соработка***

Водењето политика на јакнење на меѓународната соработка е еден од приоритетите на Дирекцијата за заштита на личните податоци имајќи ги во предвид стратешките приоритети на нашата земја за членство во ЕУ и евроатланските организации. Имено, Дирекцијата за заштита на личните податоци е присутна на состаноците на меѓународните органи за заштита на личните податоци, особено Работната група 29 на Европската комисија, Консултативниот комитет за заштита на личните податоци на Советот на Европа (Т-ПД), Работната група за заштита на податоците во телекомуникациите, Работната група за полиција и судство, Меѓународната работилница за студии на случај, Интернационалната конференција на надзорните органи за заштита на личните податоци, Конференцијата на надзорните органи за заштита на личните податоци на земјите од југоисточна Европа, Пролетната конференција на Европските надзорни органи за заштита на личните податоци. Меѓународната соработка е збогатена со потпишување на Меморандуми за соработка со органите и телата за заштита на личните податоци од други земји (досега потпишани со Република Италија, Република Чешка, Република Словенија, Кралството Данска, Република Романија, Република Германија, Република Хрватска, Република Бугарија, Република Литванија, Република Полска, Република Црна Гора) како инструмент за зајакнување на размената на искуства и знаење од областа на билатерално ниво.

[2]Податоци за надзорите се достапни во Годишните извештаи на Дирекцијата за заштита на личните податоци www.dzlp.mk

» ***Институционален капацитет***

Во своето шест годишно постоење и функционирање, Дирекцијата прерасна во респектабилен и препознатлив орган кој се поврзува со заштитата на фундаменталното право на граѓаните во Република Македонија, за заштита на приватноста преку заштитата на личните податоци. Со институцијата раководи директор кој се избира од Собранието на Република Македонија, а согласно на законот, Собранието именува и заменик директор.

Во моментот, во Дирекцијата се вработени 19 државни службеници, распоредени во 4 сектори. Вработените во 89 % се со високо образование, што е гаранција за компетентно извршување на поставените работни обврски, особено во спроведување на инспекциски надзор во областа на заштитата на личните податоци, постапување по барањата на граѓаните за заштита на нивните права поврзани со заштитата на личните податоци како и водење на прекршочните постапки. Согласно постојната организациона поставеност Дирекцијата е организирана во 4 основни организациони единици -сектори.



Дирекцијата во моментот е целосно опремена со современа опрема за информатичка поддршка за извршување на своите функции, вклучително и специфичните барања за вршење на инспекцискиот надзор.

### 2.3. Анализа на предностите, слабостите, можностите и ризиците (SWOT анализа)

Во функција на конкретни согледувања на состојбите направена е SWOT анализа на основа на која се утврдени развојните тенденции и приоритети кои се дефинирани преку непосредни цели и активности што треба да се имплементираат во референтниот период. За подготовка на SWOT анализата се користени усвоените годишни извештаи за работа и програми за работа и инспекциски надзор, извештаите на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија 2008-2010 година во делот за политички критериуми и фундаментални права, извештаите за имплементација на реализираните проекти за поддршка на Дирекцијата, Годишните извештаи на Дирекцијата за заштита на личните податоци, Стратешките планови на Дирекцијата, Националната Програма за апроксимација на европската легислатива - НПАА 2011-2014, програмите за обуки и другите документи на Дирекцијата.

#### ***2.3.1. Предности:***

- Од 2005 година постои независна државна институција надлежна за вршење надзор над законитоста на преземените активности при обработувањето на личните податоци во Република Македонија - Дирекција за заштитата на личните податоци.

- Постои целосна усогласеност на националното законодавство со ЕУ легислативата. Во Законот за заштита на личните податоци целосно се транспонирани одредбите од Директивата на ЕК и Советот бр. 46/95 и Конвенцијата на Советот на Европа бр. 108/81 и Дополнителниот протокол на оваа Конвенција. Во подготовката на Законот за заштита на личните податоци се вградени и добрите практики на земјите членки на ЕУ;

- Во Дирекцијата за заштита на личните податоци работи високо стручен и мотивиран кадар. Вработените преку континуирана обука имаат стекнато дополнителни потребни знаења и вештини во областа на заштитата на личните податоци особено преку тековно следење на меѓународните искуства и добри практики;

- Современа техничка и информатичка опременост на Дирекцијата за заштита на личните податоци. Дирекцијата за заштита на личните податоци располага со солидна софтверска и хардверска опрема за остварување на основните функции посебно за хостирање на веб страната која е веќе препознатлива, за водењето на регистар на збирки со лични податоци. За вработените, инспекторите, се обезбедени и преносливи компјутери и други услови за работа на терен. Обезбедени се солидни бази со податоци за контролорите, обработувачите, збирките на личните податоци како и за спроведените инспекциски надзори;

- Тимско работење на кадарот на Дирекцијата за заштита на личните податоци е реалност, а за тоа вработените имаат поминато и обуки. Работата во тимови, особено при вршењето на инспекциските надзори, како и при подготовката на клучните документи за работа на Дирекцијата за заштитата на личните податоци е правило;

- Воспоставена комуникација со голем дел од контролорите, обработувачите и јавноста во целина. Дирекцијата за заштитата на личните податоци изготвува повеќегодишни стратегии каде ги утврдува стратешки приоритетни области каде се потребни унапредувања на состојбите по сегменти (пример во односите со јавноста итн.). Голем придонес во комуникацијата со јавноста во целина има веб страницата на Дирекцијата за заштитата на личните податоци - www.dzlp.mk , преку која покрај клучните информации за заштитата на личните податоци се врши и регистрација на контролорите и збирките со лични податоци;

- Во целост се исполнува законската надлежност - вршењето на инспекциски надзор базиран на годишни програми, кои се објавени на интернет страната на Дирекцијата за заштита на личните податоци.

- Воспоставен е систем на едукации и обуки за контролорите и обработувачите кој се реализира врз основа на Годишни програми и однапред утврдена програма за конкретната обука. Обуките се испорачуваат од страна на вработените во Дирекцијата за заштита на личните податоци. Предвидени се генеричка (општа) обука за заштита на личните податоци и 13 модули на специјализирани обуки во различни области.

### *2.3.2. Слабости – недостатоци*

- Недоволен буџет. Имено, Буџетот на Дирекцијата се определува од страна на Министерството за финансии по претходен предлог на Дирекцијата за заштита на личните податоци и истиот како предлог се доставува до Собранието на Република Македонија на усвојување. Вообичаено, предвидените средства во Буџетот за Дирекцијата за заштита на личните податоци ги задоволуваат основните потреби на институцијата за редовно работење, но истите се недоволни за водење проактивна политика на полето на подигање на јавната свест за правото на приватност, потоа за реализација на активностите за зајакнување на односите со јавноста.

- Кадровска неекипираност – Со измените и дополнувањата на Законот и со зголемувањето на надлежностите на Дирекцијата за заштита на личните податоци, се јави потреба од зголемување на бројот на вработени, особено во инспекциската служба. Во моментов државните службеници во Дирекцијата за заштитата на личните податоци извршуваат работни обврски од две и повеќе работни позиции, со цел континуирано и ефикасно работење на Дирекцијата.

- Неусогласеност на дел од материјалните закони во определени области со Законот за заштитата на личните податоци како последица на нивното донесување пред донесувањето на Законот за заштита на личните податоци или неконсултирање на Дирекцијата за заштита на личните податоци за прашања поврзани со остварување на правото на приватност.

- Непостоење на правен механизам за учество на Дирекцијата за заштита на личните податоци во процесот на донесување закони и подзаконски акти. Овластените предлагачи при изготвување на прописите немаат законска обврска за барање мислење од Дирекцијата, дури и кога со нивните акти регулираат материја која се однесува на заштита на правото на приватност и на заштитата на личните податоци.

- Недоволно развиена јавна свест на граѓаните по однос на правото за заштитата на личните податоци. Во услови на брз развој на технологијата, можностите од злоупотреби на личните податоци енормно се зголемуваат. Токму техничкиот развој во светот го подига и значењето на заштитата на личните податоци и приватноста.

### ***2.3.3. Можности***

- Лесната достапност и користење на информатичка технологија, се поголемата достапност до интернетот, техниката и комуникацијата, лесната достапност на информациите и нивно користење во развојни цели и за информирање на населението за правото на заштитата на личните податоци;

- Започнување на преговорите за членство на Република Македонија во Европската Унија ќе ја вклучи земјата во развојните текови на областа преку институциите на ЕУ. Затворањето на секое поглавје ќе значи целосна транспонираност или непосредна примена на европската регулатива каде тоа е утврдено. По однос на заштитата на личните податоци земјата ќе може да се вклучи и во развојот и креирањето на заштитата на личните податоци на ниво на Унијата (да учествува непосредно во подготовката на нова регулатива и создавање на позитивни практики).

- Користење на ЕУ фондовите преку финансирање на проекти на Дирекцијата и средства од други донатори за надминување на недостатоците на финансиски средства за развој на областа и приклучување во современите текови заедно со земјите членки на ЕУ;

- Интересот на субјектите за заштита на личните податоци, медиумите, контролорите, обработувачите на лични податоци, граѓаните, невладините организации за значењето на правото на приватност во светски рамки, дава можност за ширење на информации и подигање на свеста за правото на заштита на личните податоци.

### ***2.3.4. Ризици***

- Одлив на обучени кадри од Дирекцијата за заштита на личните податоци. Имено, административните процедури за напредување и наградување имаат за последица одлив на стручни обучени кадри во приватниот сектор;

- Недоволно познавање на механизмите за правна заштита на правото на заштитата на личните податоци од страна на граѓаните што може да доведе до разни злоупотреби без да се бара заштита од ДЗЛП;

- Ниска свест кај контролорите за обезбедување на техники и организациски мерки за заштита на личните податоци.

## 3. ПРОЕКТИ

**3.1. Програма CARDS – 2004 - Техничка поддршка во основањето на Дирекцијата за заштита на личните податоци и спроведување на принципите за заштитата на личните податоци (2006-2007)** кој се одвиваше преку претходно утврдени 5 компоненти и тоа 1- Правна поддршка, 2 – Унапредување на постапките за извршување на законските надлежности, 3 – Градење на капацитети, 4 – Подигнување на јавната свест и 5 – Информатичка технологија.

**3.2. ИПА 2008, Компонента 1, проект Поддршка на Дирекцијата за заштита на личните податоци,** започна со реализација на 10 јануари 2011 година. (проектиран е на 18 месеци). Со проектот се дефинирани 4 компоненти: 1- Усогласување на домашното законодавство со европското; 2- Зајакнување на институционалните капацитети на Дирекцијата за заштита на личните податоци; 3- Подигнување на јавната свест за правото на заштита на личните податоци како човеково право и 4 -Надградба на ИТ инфраструктурата на Дирекцијата за заштита на личните податоци.

**3.3. ИПА 2008, Компонента 1, проект Поддршка во изработката на предлог стратешки документи , акциски планови за нивно спроведување и истражување на јавното мислење кај медиумските работници** започна со реализација на 14 март 2011 година. Проектот е со времетраење од 9 месеци. Со проектот се дефинирани 2 компоненти: 1 - Поддршка во процесот на подготовка на предлог Стратегија на Дирекцијата, предлог акциски планови за нејзино спроведување, и механизми за мониторинг на спроведувањето и 2 - Истражување на свеста кај медиумските работници за почитувањето на правото на приватност при медиумското емитување на лични податоци.

**3.4. Проект -Пристап до судските одлуки и правото на заштита на личните податоци.** Проектот е резултат на соработката помеѓу Дирекцијата за заштита на личните податоци и Организацијата за безбедност и соработка на Европа – Набљудувачка мисија во Скопје, кои склучија Меморандум за соработка. Во проектот како партнери на ДЗЛП се вклучени Врховниот суд на Република Македонија и Академијата на судии на Република Македонија. Проектот се реализираше во текот на 2011 година. Според очекуваните резултати, се изврши подготовка на Експертскиот извештај за оценката на состојбата со објавувањето и пристапот до судските одлуки на интернт и заштитата на личните податоци содржани во нив.

**ВИЗИЈА**

Од контролорите, обработувачите и целокупната јавност Дирекцијата за заштита на личните податоци да биде препознаена како арбитор кој испорачува висок квалитет во заштитата на личните податоци и одговорен субјект кој располага со обучен персонал за носење на навремени и релевантни одлуки за исполнување на поставените цели како и посакувано место за работа и развој.

**МИСИЈА**

Мисијата на Дирекцијата за заштита на личните податоци е да обезбеди законитост и правичност во обработката на личните податоци, како и транспарентен и ефикасен систем на остварување на правото на заштитата на личните податоци на секој граѓанин.

## 5. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

Со носењето на Стратегијата за заштита на личните податоци 2012 – 2016 ќе бидат реализирани следните Стратешки цели:

1. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЕФИКАСЕН СИСТЕМ НА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

2. КОНТИНУИРАНА ХАРМОНИЗАЦИЈА НА ДОМАШНАТА ЛЕГИСЛАТИВА ЗА ЗАШТИТАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

3. ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ И ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА ВО ЕВИДЕНТИРАЊЕТО НА ЗБИРКИТЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

4. НАТАМОШНО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА НИВОТО НА ЈАВНАТА СВЕСТ ЗА ПРАВОТО НА ПРИВАТНОСТ (ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ)

5. ОПТИМАЛИЗАЦИЈА НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИОТ КАПАЦИТЕТ

6. ЗГОЛЕМЕНО УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА

7. СОРАБОТКА СО КОМИСИЈАТА ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР, НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ И ДРУГИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1**

## 5.1 ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЕФИКАСЕН СИСТЕМ НА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Гарантирањето на правото на заштита на личните податоци и надзорот над законитоста на обработката на личните податоци се развиваат во насока на лесна достапност на формите и начините на кои граѓаните можат да ја согледаат и пријават повредата на нивното право на заштита на лични податоци. Ефикасен систем е потребен за утврдувањето на повредата и обезбедување соодветни мерки за почитување на основните принципи на обработка на личните податоци.

***Конкретни цели:***

**5.1.1. Зајакнување на механизмите за правна заштита**

Законот за заштитата на личните податоци дава можност граѓанинот или здружението во кое членува да реагира за повреда на правото на заштита на личните податоци и да бара правна заштита на личните податоци од Дирекцијата за заштита на личните податоци, од контролорот како и да бара судска заштита. Повредата на правото на заштитата на личните податоци повлекува и прекршочна и кривична одговорност.

**Активности:**

**5.1.1.1.** Анализа на глава IV. „Права на субјектот на личните податоци" од Законот за заштита на личните податоци и донесените одлуки по однос на поднесените барања за заштита на личните податоци во Дирекцијата за заштита на личните податоци

**5.1.1.2.** Воспоставување на систем со унифициран и препознатлив механизам за пријава на повреди на правото на заштитата на личните податоци

**5.1.2.Подигнување на свеста и нивото на соработка со контролорите и обработувачите**

Континуираната соработка со контролорите и обработувачите која Дирекцијата за заштита на личните податоци особено ја интензивираше во текот на 2010 година дава

позитивни резултати и придонесува за приближување на начелата за заштита на личните податоци до контролорите и обработувачите.

**Активности:**

**5.1.2.1.** Донесување на годишна програма за обуки на контролорите и обработувачите на збирки со личните податоци
**5.1.2.2.** Категоризирање на мислењата и укажувањата од Дирекцијата за заштита на личните податоци по области и објавување на селектирани мислења/укажувања на интернет страницата на Дирекцијата
**5.1.2.3.** Анализа на ефектите од едукациите што согласно Законот за заштита на личните податоци се вршат на контролорите и обработувачите на збирки со лични податоци со предлог мерки

### 5.1.3 Подобрување на ефикасноста на инспекцискиот надзор

**Активности:**
**5.1.3.1.** Анализа на ефективноста и ефикасноста на инспекцискиот надзор во ДЗЛП користејќи и меѓународни компаративни искуства
**5.1.3.2.** Имплементирање на софтвер за инспекциски надзор преку кој инспекторите ќе имаат пристап до предметите и целокупната евиденција за инспекциски надзор
**5.1.3.3.** Унификација на процесот на изработка на записниците и одлуките од извршените инспекциски надзори

### 5.1.4 Подобрување на ефикасноста на извршување на одлуките на Дирекцијата

Согласно Законот за заштита на личните податоци, Дирекцијата за заштита на личните податоци има надлежности во процесот на одлучување при вршењето на инспекцискиот надзор и одлучувањето по пријавите/барањата за заштитата на личните податоци од страна на граѓаните и водењето на прекршочната постапка под услови утврдени со закон. Донесените одлуки на Дирекцијата за заштита на личните податоци подлежат на жалбена и судска заштита.

**Активности:**

**5.1.4.1.** Анализа на состојбата, вклучувајќи и анализа на извршувањето на донесените одлуки на Дирекцијата,

**5.1.4.2.** Анализа на ЕУ искуство во областа на извршувањето на одлуките на надлежната институција за заштитата на личните податоци;

**5.1.4.3.** Информирање на надлежните органи за состојбите со предлог мерки за зголемување на ефикасноста во извршувањето

**5.1.5 Воедначеност во примената на прописите за заштитата на личните податоци**

Во функција на обезбедување на единствен пристап во примената на Законот за заштита на личните податоци, Дирекцијата ќе подготвува водичи по определени области мислења и укажувања во врска со одредени констатирани состојби или на доставено барање. Нивното објавување низ различните форми ќе обезбедат тие да бидат достапни за засегнатите целни групи.

**Активности:**

**5.1.5.1.** Организирање на семинари за заштита на личните податоци по области/ сектори

**5.1.5.2.** Изработка на Водичи за заштита на личните податоци по области/сектори

**5.1.6 Зајакнување на улогата на офицерите за заштита на личните податоци**

Со измените и дополнувањата на Законот за заштита на личните податоци е воведено назначувањето на офицерот за заштитата на личните податоци кај контролорите и обработувачите на збирките на личните податоци. Податоците за офицерот се достапни на веб страницата на Дирекцијата заедно со основните податоци за контролорот/ обработувачот.

**Активности:**

**5.1.6.1.** Подготовка на препораки за работа на офицерите за заштита на лични податоци

**5.1.6.2 .** Спроведување на обуки за Офицерите за заштитата на личните податоци

**5.1.7 Зголемување на ефикасноста во остварување на правото за пристапот на граѓаните до нивните лични податоци**

**Активност:**

**5.1.7.1.** Подготовка на прирачници за правата на граѓаните за пристапот до нивните лични податоци што произлегуваат од одредбите на Законот за заштита на личните податоци

**5.1.8 Анонимизација и објавување на прекршочните санкции**

**Активности:**

**5.1.8.1.** Подготовка на Упатство за анонимизирање на изречени прекршочни санкции од Комисијата за прекршоци

**5.1.8.2.** Објавување на анонимизирани правосилни одлуки на Комисијата за прекршоци (на веб страната на Дирекцијата)

**5.1.9 Воведување на on line инспекција[3]**

**Активности:**

